Beletrina

# NEVARNE SVEČANOSTI

© Beletrina (2016). Vse pravice pridržane.
Copyright © Vlada Urošević, 2004
© of the translation: S. Fischer Foundation by order of TRADUKI

Brez predhodnega pisnega dovoljenja Beletrine je prepovedano reproduciranje, distribuiranje, dajanje v najem, javna priobčitev, predelava ali druga uporaba tega avtorskega dela ali njegovih delov v kakršnemkoli obsegu ali postopku, vključno s fotokopiranjem, tiskanjem, javnim interaktivnim dostopom ali shranitvijo v elektronski obliki.

Prva ustanoviteljica Študentske založbe,
predhodnice zavoda Beletrina,
je Študentska organizacija Univerze v Ljubljani.

Vse informacije o naših knjigah so dostopne tudi na: www.zalozba.org

CIP - Kataložni zapis o publikaciji
Narodna in univerzitetna knjižnica, Ljubljana

821.163.3-1

UROŠEVIĆ, Vlada
Nevarne svečanosti / Vlada Urošević ; prevedla Namita Subiotto. - Ljubljana : Beletrina, 2016. - (Knjižna zbirka Beletrina)

ISBN 978-961-284-205-5

285737984

Vlada Urošević

# NEVARNE SVEČANOSTI

prevedla Namita Subiotto

## *Лето*

Ја отвораш вратата
на својата соба во која долго
си седел. Седел по малку замислен и по малку
сам. Уплашен
од големото песочно небо
чии остри парчиња се одронуваат ќе посакаш
да се вратиш во собата
каде што сенките остануваат мирни и го чуваат
темниот клуч на твојот сон. Што бараш
ти во тоа подрачје на сувите треви
што немаат сенка. Доволно е
да се свртиш и да ја затвориш вратата
зад себе. Тебе никој не те повикал на тој панаѓур
од светлина. Сепак
зошто остануваш тука пред вратата
со својата нерешителна сенка што е малку искривена
и топла. Не подавај ги рацете
по тие сребрени калаузи што ветрот
ги заборавил во бршленот. Подобро
врати се назад во собата. Тоа се клучеви
за врата што ја нема во твојот двор
со празни столови и што ја нема во тој град
што се брани од сонцето и што ја нема никаде
меѓу сенките во кои можеш да се засолниш.
Можеби тоа и не е врата туку

## *Poletje*

Odpiraš vrata
svoje sobe, v kateri si dolgo
sedel. Sedel po malem zamišljen in po malem
sam. V strahu
pred velikim peščenim nebom,
s katerega se krušijo ostri delci, te prime,
da bi se vrnil v sobo,
kjer sence ostajajo mirne in čuvajo
temni ključ tvojega sna. Kaj iščeš
ti v tem polju suhih trav,
ki nimajo sence. Dovolj je,
da se obrneš in zapreš vrata
za seboj. Nihče te ni povabil na ta sejem
svetlobe. Zakaj
potem ostajaš tu pred vrati
s svojo neodločno senco, rahlo izkrivljeno
in toplo. Ne steguj rok
za srebrnimi odpirači, ki jih je veter
pozabil v bršljanu. Raje
se vrni nazaj v sobo. To so ključi
vrat, ki jih ni na tvojem dvorišču
s praznimi stoli in ki jih ni v tem mestu,
ki se brani pred soncem, in ki jih ni nikjer
med sencami, v katere se lahko zatečeš.
Morda to sploh niso vrata, pač pa

постои само сонце. Сепак
ја подаваш раката на тврдата светлина. Собата
веќе ја нема. Си ја отворил другата врата
и си влегол во земја
што се вика лето.

obstaja samo sonce. Vseeno
iztegneš roko na trdo svetlobo. Sobe
ni več. Odprl si druga vrata
in vstopil v deželo,
ki se imenuje poletje.

## *Манекен во пејзажот*

Можете да поминете низ лески и шипје и тогаш
одеднаш видикот да излезе пред вас како птица или
некакво жолто животно што станало бргу како
да се исплашило. Тука
како да ве чека одамна
стои манекен во пејзажот
и прилега на човек
што прави елегантни движења
во празна соба. Затечен така
тој останува мирен
како и порано
несроден на никого
во тој свет на лисјето и грагорот.
Тој веќе не е картон
премачкан со гипс со невидлив крвоток од жици
потоа обоен со бела боја туку
Господин Неразбирлив Случај
единствен неподвижен
по малку отмен по малку
недостапен
во караница со шипјето рамнодушен кон облаците
стапица за чучулиги
лукаво изненадување. Збунети
како затечени во нешто недозволено
можете да се повлечете само
назачки.

## *Maneken v pejsažu*

Lahko se tako prebijate med leskami in grmovjem in tedaj
se pred vami nenadoma pojavi obzorje, kot ptica ali
nekakšna rumena žival, ki je sunkovito vstala, kot
bi se prestrašila. Tu,
kot bi vas že dolgo čakal,
stoji maneken v pejsažu
in spominja na človeka,
ki se elegantno giblje
po prazni sobi. Tako zasačen
ostaja miren
kot poprej,
nalik nikomur
v tem svetu listja in proda.
On ni več karton,
premazan z gipsom z nevidnim krvotokom iz žic,
nato pa pobarvan v belo barvo, temveč
Gospod Nerazumljivi slučaj
edinstven, nepremičen,
po malem imeniten, po malem
nedostopen,
v prepiru z grmovjem, ravnodušen do oblakov,
past za škrjance,
lokavo presenečenje. Zmedeni,
kot zasačeni pri nečem nedovoljenem,
se lahko le ritensko
umaknete.

## *Неспокојство во пејзажот*

Неспокојство влегува во пејзажот
сосема незабележливо. Отпрво
можеби како ветар
или нешто слично а потоа
луѓето сепак се свртуваат оти го нема
а пејзажот и натаму се менува
како некој што си приспомнил за нешто
  заборавено
и во односот помеѓу небото и птиците
настапува некакво безредие
макар што навидум
растојанијата остануваат исти. Луѓето
сакаат одеднаш да си одат дома
и се вртат
како некој да ги вика. Таму
назад и насекаде
нема никој
и ним не им останува ништо друго
туку да веруваат
дека пејзажот останал ист
зашто ветрот го нема никаде.

## *Nemir v pejsažu*

Nemir vstopa v pejsaž
povsem neopazno. Sprva
kot bi bil veter
ali kaj podobnega, nato pa
se ljudje ozirajo, ker ga ni,
pejsaž pa se še naprej spreminja,
kot bi se nekdo domislil nečesa pozabljenega,
in v razmerju med nebom in pticami
nastopi nekakšen nered,
čeprav razdalje
ostanejo na videz iste. Ljudje
hočejo takoj domov
in se obračajo,
kot bi jih nekdo klical. Tam
zadaj in povsod
ni nikogar
in ne preostane jim nič drugega,
kot da verjamejo,
da je pejsaž ostal enak,
saj ni vetra nikjer.

## *Непредвидени прошетки*

Понекогаш
(тоа е обично во некој од првите пролетни денови
кога воздухот е тукуштo создаден)
доволно е само да се излезе на балкон
за да може да се види
шапката на жената во мигот
кога се одделува од главата и станува облак. Смешната
сериозност на физичките закони
тука веќе не помага. Ги нема веќе
тие луѓе со чудни имиња и бели бради
што се грижеле за необичното однесување на телото
потопено во вода оти денес
ете сте тргнале на појадок
и никако веќе не можете да си спомните
како сте се качиле в автобус
и кој ви предложил да станете член на безгрижната
експедиција
што оди да фаќа морски глувци
во стапици со магданос.
Никогаш не е сигурно
во еден таков ден
каде слегуваат скалите од вашиот стан.
Можеби во Земјата на Зелените Дождови
или пак на една од страниците на некој детски
роман.

## *Nepredvidljivi sprehodi*

Včasih
(navadno na kak zgodnji pomladni dan,
ko je zrak kot pravkar ustvarjen)
je dovolj le stopiti na balkon,
in že se lahko vidi
klobuk ženske v trenutku,
ko se loči od njene glave in postane oblak. Smešna
resnost fizikalnih zakonov
tu ne pomaga. Ni več
ljudi s čudnimi imeni in belimi bradami,
ki so se zanimali za nenavadno obnašanje telesa,
potopljenega v vodo, kajti danes
ste se, vidite, odpravili na zajtrk,
in nikakor se ne morete spomniti,
kako ste stopili na avtobus
in kdo vam je predlagal, da postanete član brezskrbne
ekspedicije,
ki gre lovit morske miši
v pasti s peteršiljem.
Na tak dan
se nikoli ne ve,
kam se spuščajo stopnice iz vašega stanovanja.
Morda v Deželo zelenih deževij
ali pa na naključno stran kakšnega otroškega
romana.

Можеби зад напукнатиот хоризонт
помеѓу две обични куќи
на крајот од обичната улица
се отвора
крајот на светот. Ништо не помага
да ги заклучите вратите. Можете
да легнете во вашиот кревет
а да се разбудите во празна опсерваторија
каде што недорасонети ќе го пресметувате растојанието
помеѓу Големата Мечка
и новопојавените ѕвезди. Изненадувањата
наѕираат од зад куќите
како кумулусите што се наведнуваат
над летниот ден.
Бидете секогаш готови
оти мудрите старци со бели бради
не зеле предвид
дека во дворот зад куќата
има влез
од кој се влегува во пејзаж
со портокалови зданија
што стојат во рамнина без дрвја
како во еден ваш сон.
Внимавајте,
можеби зад овој агол ќе ве пречека
изненадувањето.

Morda se za popokanim obzorjem
med navadnima hišama
na koncu navadne ulice
odpira
konec sveta. Nič ne pomaga,
če zaklenete vrata. Lahko
ležete v svojo posteljo,
zbudite pa se v praznem observatoriju,
kjer še ne povsem zbujeni preračunavate razdaljo
med Velikim vozom
in novopojavljenimi zvezdami. Presenečenja
kukajo izza hiš
kot kumulusi, ki se sklanjajo
nad poletni dan.
Bodite vedno pripravljeni,
kajti modri starci z belimi bradami
niso upoštevali,
da je na dvorišču za hišo
vhod,
skozi katerega se vstopi v pejsaž
z oranžnimi poslopji,
ki stojijo na ravnini brez dreves,
kot v nekih vaših sanjah.
Pazite,
morda vas za tem vogalom čaka
presenečenje.

## *Негостољубива планета*

мувлосани планини. Скиселени облаци.
Влакнести езера. Млитави ветрови.
Шарени пајаци. Безбојни пеперуги.
Дрвја без лисја. Шупливи плодови.
Небо од пепел.Мориња од кал.
Куќи од трева. Дождови од камења.

## *Negostoljubni planet*

Plesnive planine. Skisani oblaki.
Kosmata jezera. Mlahavi vetrovi.
Pisani pajki. Brezbarvni metulji.
Drevje brez listja. Votli plodovi.
Nebo iz pepela. Morja iz blata.
Hiše iz trave. Deževja iz kamenja.

## *Предели на тишината*

Градови од црна хартија и конец во долини без ветрови.
Возови заглавени во езера од катран.
Аеродроми покриени со пајажина.
Мов израстена по покривите на автомобилите.
Куќи во кои лежат големи камени кипови завиткани како доенчиња.
Облаци што влегуваат низ врати и излегуваат низ прозорци.
Залези што траат со векови.